Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

Примено: 20.06.2024			
Орг. един.	Број	Предлог	Вредност
0308	71/21		

VIII 08-436/23

Врз основа на член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 16 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година

1. На ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш се утврдува регулаторна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:

   - за 2024 година
     - за категорија домаќинства во износ од 34,08 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 44,31 ден/m³.

   - за 2025 година
     - за категорија домаќинства во износ од 34,38 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 44,69 ден/m³.

   - за 2026 година
     - за категорија домаќинства во износ од 34,78 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 45,21 ден/m³.

2. Давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение треба да ги примени следните услови:
   - да ги применува тарифите од точка 1 на ова решение и
   - да подготви и достави до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија План за прилагодување на тарифите и Бизнис план согласно ова решение.

3. Се задолжува давателот на водната услуга да достави нов План за прилагодување на тарифите за водни услуги за регулираниот период 2027-2029 година најдоцна во рок од девет месеци пред истекот на важноста на ова решение.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 јули 2024 година.

Образложение

ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2024-2026 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр. 08-436/23 од 9 јуни 2023 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги по спроведување на постапката утврдена во Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година, УП1 бр. 08-436/23 од 14 декември 2023 година.

Со гореспоменатото решение се утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 37,29 ден/m^3 за 2024 година, 37,65 ден/m^3 за 2025 година и 38,13 ден/m^3 за 2026 година.

Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година беше објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 270 од 19 декември 2023 година.

Согласно член 13 став (10) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, давателот на услугата ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш е должен, без одлагање и не подоцна од 15 дена од денот на објавување на решението во Службен весник на Република Северна Македонија, да го достави до органот на управување на давателот заради донесување одлука за утврдување на тарифа за водна услуга.

Согласно член 13 став (11) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, органот на управување на давателот е должен да ја донесе одлуката во рок 15 дена од денот на приемот на одлуката и истата да ја достави до градоначалникот заради давање согласност на одлуката во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување, а согласно член 13 став (12) од истиот закон, градоначалникот на општината е должен во рок не подолг од 60 дена да започне постапка за давање согласност на одлуката за утврдување на тарифа за водните услуги.

Согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги и член 14 став (7) од Правилникот, давателот на водната услуга е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, во рок од 150 дена од денот на објавувањето на Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година во Службен Весник на Република Северна Македонија, да достави согласност од Советот на општината. Согласно доставениот допис од ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш со архивски број 0302-71/2 од 26 јануари 2024 година, од Советот на општината не е дадена согласност на одлуката од управниот одбор.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година УП1 бр. 08-436/23 од 4 март 2024 година, и го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.55 од 6 март 2024 година.

Согласно член 16 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е должна, во рок не подолг од 120 дена од денот на донесувањето на решението за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш, да донесе решение за утврдување на регулаторна тарифа.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение број 02–991/1 од 29.05.2024 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување предлог текст на Решение за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година.

На 31 мај 2024 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, претставници од ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Градоначалникот на општина Радовиш, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

На подготвителната седница покрај членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, присуствуваа претставници на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш и Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ. По однос на Предлог Решението за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година беа дадени забелешки со цел уште еднаш да се разгледуваат тарифите со предлог да се прифатат цените дадени од управниот одбор на претпријатието. Согласно доставените забелешки, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги уште еднаш го разгледа предметот и се утврдија нови тарифи.

Анализа од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги

По направената анализа на доставените податоци, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

Опис	Ед.мерка	2024	2025	2026
РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)	денари	35.770.265	36.168.970	36.673.656
Количина за домаќинства	m^3	854.200	845.000	835.000
Количина за останати	m^3	150.251	159.266	168.822

Домаќинства тарифа	денари	34,08	34,38	34,78
Останати тарифа	денари	44,31	44,69	45,21

Оперативните трошоци за регулираниот период 2024 – 2026 година утврдено е да изнесуваат:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се прифатени согласно реализираните трошоци од базната година со применет клуч на распределба согласно учеството на трошоците од водоснабдување во вкупните трошоци на претпријатието. Истите се зголемени за стапка на инфлација и изнесуваат 7.951.677 денари за 2024 година, 8.110.711 денари за 2025 година и 8.272.925 денари за 2026 година;
2. Трошоците за бруто плати се пресметани согласно добиените податоци за исплатената плата од месец 02/2024 година со тоа што е применет клуч на распределба согласно учеството на трошоците од водоснабдување во вкупните трошоци на претпријатието. Истите се утврдени да изнесуваат 17.317.954 денари за 2024 година, 17.664.313 денари за 2025 година и 18.017.599 денари за 2026 година;
3. Другите услуги за 2024 година се прифатени согласно реализираните трошоци од базната година и изнесуваат 1.696.544 денари, задржани на исто ниво за наредните години од регулираниот период;
4. Останатите и вонредните трошоци се прифатени согласно реализираните трошоци од базната година и изнесуваат 3.240.652 денари, задржани на исто ниво за наредните години од регулираниот период.

Амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 4.625.577 денари за 2024 година, 4.610.675 денари за 2025 година и 4.692.309 денари за 2026 година.

Амортизацијата на бесплатно добиените основни средства со кои се врши водната услуга е утврдена да изнесува 2.294.689 денари за 2024 година, 2.294.689 денари за 2025 година и 2.294.689 денари за 2026 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 194.698 денари за 2024 година, 196.264 денари за 2025 година и 198.356 денари за 2026 година.

Приносот на регулираните основни средства за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2024 година изнесува 1.812.585 денари, за 2025 година изнесува 1.635.195 и за 2026 година изнесува 1.456.522 денари.

Соодветно на горенаведеното, регулаторната тарифа за категоријата на корисници – домаќинства од Радовиш изнесува 34,08 ден/m^3 за 2024 година, 34,38 ден/m^3 за 2025 година и 34,78 ден/m^3 за 2026 година, додека пак за категоријата на корисници – останати регулаторната тарифа изнесува 44,31 ден/m^3 за 2024 година, 44,69 ден/m^3 за 2025 година и 45,21 ден/m^3 за 2026 година.

При утврдување на регулаторната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на

водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

УП1 бр. 08–436/23
13 јуни 2024 година
Скопје

Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Марко Бислимоски

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

Примено:	20.06.2024		
Орг. един.	Број	Предлог	Вредност
0308	71/22		

УПР. Бр. 08 - 437 /23
13.06.24

Врз основа на член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ" бр.7/16), член 16 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ" бр.63/17) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година

1. На ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш се утврдува регулаторна тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води и тоа:

   - за 2024 година
     - за категорија домаќинства во износ од 6,04 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 9,07 ден/m³.

   - за 2025 година
     - за категорија домаќинства во износ од 6,71 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 10,07 ден/m³.

   - за 2026 година
     - за категорија домаќинства во износ од 6,93 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 10,40 ден/m³.

2. Давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение треба да ги примени следните услови:
   - да ги применува тарифите од точка 1 на ова решение и
   - да подготви и достави до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија План за прилагодување на тарифите и Бизнис план согласно ова решение.

3. Се задолжува давателот на водната услуга да достави нов План за прилагодување на тарифите за водни услуги за регулираниот период 2027-2029 година најдоцна во рок од девет месеци пред истекот на важноста на ова решение.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 јули 2024 година.

Образложение

ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2024-2026 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр. 08-437/23 од 9 јуни 2023 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги по спроведување на постапката утврдена во Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година, УП1 бр. 08-437/23 од 14 декември 2023 година.

Со гореспоменатото решение се утврди просечната тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води да изнесува 6,37 ден/m^3 за 2024 година, 7,11 ден/m^3 за 2025 година и 7,36 ден/m^3 за 2026 година.

Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година беше објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.270 од 19 декември 2023 година.

Согласно член 13 став (10) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, давателот на услугата ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш е должен, без одлагање и не подоцна од 15 дена од денот на објавување на решението во Службен весник на Република Северна Македонија, да го достави до органот на управување на давателот заради донесување одлука за утврдување на тарифа за водна услуга.

Согласно член 13 став (11) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, органот на управување на давателот е должен да ја донесе одлуката во рок 15 дена од денот на приемот на одлуката и истата да ја достави до градоначалникот заради давање согласност на одлуката во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување, а согласно член 13 став (12) од истиот закон, градоначалникот на општината е должен во рок не подолг од 60 дена да започне постапка за давање согласност на одлуката за утврдување на тарифа за водните услуги.

Согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги и член 14 став (7) од Правилникот, давателот на водната услуга е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, во рок од 150 дена од денот на објавувањето на Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година во Службен Весник на Република Северна Македонија, да достави согласност од Советот на општината. Согласно доставениот допис од ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш со архивски број 0302-71/2 од 26 јануари 2024 година, од Советот на општината не е дадена согласност на одлуката од управниот одбор.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година УП1 бр. 08-437/23 од 4 март 2024 година, и го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.55 од 6 март 2024 година.

Согласно член 16 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е должна, во рок не подолг од 120 дена од денот на донесувањето на решението за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш, да донесе решение за утврдување на регулаторна тарифа.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение број 02–991/1 од 29.05.2024 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување предлог текст на Решение за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024–2026 година.

На 31 мај 2024 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, претставници од ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Градоначалникот на општина Радовиш, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

На подготвителната седница покрај членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, присуствуваа претставници на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш и Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ. По однос на Предлог Решението за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година беа дадени забелешки со цел уште еднаш да се разгледуваат тарифите со предлог да се прифатат цените дадени од управниот одбор на претпријатието. Согласно доставените забелешки, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги уште еднаш го разгледа предметот и се утврдија нови тарифи.

Анализа од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги

По направената анализа на доставените податоци, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

Опис	Ед.мерка	2024	2025	2026
РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)	денари	6.184.896	6.695.664	7.037.025
Количина за домаќинства	m^3	872.667	837.760	846.138
Количина за останати	m^3	100.369	106.391	112.775

Домаќинства тарифа	денари	6,04	6,71	6,93
Останати тарифа	денари	9,07	10,07	10,40

Оперативните трошоци за регулираниот период 2024 – 2026 година утврдено е да изнесуваат:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се прифатени согласно реализираните трошоци од базната година со применет клуч на распределба согласно учеството на трошоците од водоснабдување во вкупните трошоци на претпријатието. Истите се зголемени за стапка на инфлација и изнесуваат 598.850 денари за 2024 година, 610.827 денари за 2025 година и 623.044 денари за 2026 година;
2. Трошоците за бруто плати се прифатени согласно податоците од барањето и истите изнесуваат 2.282.877 денари за 2024 година, 2.511.165 денари за 2025 година и 2.762.282 денари за 2026 година;
3. Другите услуги се прифатени согласно податоците од барањето и истите изнесуваат 300.815 денари за 2024 година, 330.896 денари за 2025 година и 363.986 денари за 2026 година;
4. Останатите и вонредните трошоци се прифатени согласно податоците од барањето и истите изнесуваат 406.472 денари за 2024 година, 447.119 денари за 2025 година и 491.831 денари за 2026 година.

Амортизацијата на сопствени основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 2.595.882 денари за 2024 година, 2.795.657 денари за 2025 година и 2.795.882 денари за 2026 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 30.924 денари за 2024 година, 33.478 денари за 2025 година и 35.185 денари за 2026 година.

Соодветно на горенаведеното, регулаторната тарифа за категоријата на корисници – домаќинства од Радовиш изнесува 6,04 ден/m^3 за 2024 година, 6,71 ден/m^3 за 2025 година и 6,93 ден/m^3 за 2026 година, додека пак за категоријата на корисници – останати регулаторната тарифа изнесува 9,07 ден/m^3 за 2024 година, 10.07 ден/m^3 за 2025 година и 10,40 ден/m^3 за 2026 година.

При утврдување на регулаторната тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

УП1 бр. 08–437/23
13 јуни 2024 година
Скопје

Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Марко Бислимоски

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

Примено: 20.06.2024			
Орг. един.	Број	Предлог	Вредност
0308	71/23		

7171 Бр./Nr. 08- 438 /23
13.06.24

Врз основа на член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ" бр.7/16), член 16 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ" бр.63/17) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 јуни 2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за утврдување на регулаторна тарифа за прочистување на отпадни води води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година

1. На ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш се утврдува регулаторна тарифа за водната услуга прочистување на отпадни води и тоа:

   - за 2024 година
     - за категорија домаќинства во износ од 17,30 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 29,40 ден/m³.

   - за 2025 година
     - за категорија домаќинства во износ од 18,44 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 31,35 ден/m³.

   - за 2026 година
     - за категорија домаќинства во износ од 18,60 ден/m³;
     - за категорија останати во износ од 31,62 ден/m³.

2. Давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение треба да ги примени следните услови:
   - да ги применува тарифите од точка 1 на ова решение и
   - да подготви и достави до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија План за прилагодување на тарифите и Бизнис план согласно ова решение.

3. Се задолжува давателот на водната услуга да достави нов План за прилагодување на тарифите за водни услуги за регулираниот период 2027-2029 година најдоцна во рок од девет месеци пред истекот на важноста на ова решение.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 јули 2024 година.

Образложение

ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води води за регулиран период 2024-2026 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр. 08-438/23 од 9 јуни 2023 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги по спроведување на постапката утврдена во Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година, УП1 бр. 08-438/23 од 14 декември 2023 година.

Со гореспоменатото решение се утврди просечната тарифа за водната услуга прочистување на отпадни води води да изнесува 29,28 ден/m^3 за 2024 година, 31,71 ден/m^3 за 2025 година и 33,15 ден/m^3 за 2026 година.

Решението за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година беше објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 270 од 19 декември 2023 година.

Согласно член 13 став (10) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, давателот на услугата ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш е должен, без одлагање и не подоцна од 15 дена од денот на објавување на решението во Службен весник на Република Северна Македонија, да го достави до органот на управување на давателот заради донесување одлука за утврдување на тарифа за водна услуга.

Согласно член 13 став (11) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, органот на управување на давателот е должен да ја донесе одлуката во рок 15 дена од денот на приемот на одлуката и истата да ја достави до градоначалникот заради давање согласност на одлуката во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување, а согласно член 13 став (12) од истиот закон, градоначалникот на општината е должен во рок не подолг од 60 дена да започне постапка за давање согласност на одлуката за утврдување на тарифа за водните услуги.

Согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги и член 14 став (7) од Правилникот, давателот на водната услуга е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, во рок од 150 дена од денот на објавувањето на Решението за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година во Службен Весник на Република Северна Македонија, да достави согласност од Советот на општината. Согласно доставениот допис од ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш со архивски број 0302-71/2 од 26 јануари 2024 година, од Советот на општината не е дадена согласност на одлуката од управниот одбор.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за прочистување на отпадни води води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година УП1 бр. 08-438/23 од 4 март 2024 година, и го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.55 од 6 март 2024 година.

Согласно член 16 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е должна, во рок не подолг од 120 дена од денот на донесувањето на решението за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за прочистување на отпадни води води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш, да донесе решение за утврдување на регулаторна тарифа.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02–991/1 од 29.05.2024 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување предлог текст на Решение за утврдување на регулаторна тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024–2026 година.

На 31 мај 2024 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, претставници од ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Градоначалникот на општина Радовиш, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

На подготвителната седница покрај членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, присуствуваа претставници на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш и Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ. По однос на Предлог Решението за утврдување на регулаторна тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година беа дадени забелешки со цел уште еднаш да се разгледуваат тарифите со предлог да се прифатат цените дадени од управниот одбор на претпријатието. Согласно доставените забелешки, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги уште еднаш го разгледа предметот и се утврдија нови тарифи.

Анализа од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги

По направената анализа на доставените податоци, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

Опис	Ед.мерка	2024	2025	2026
РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)	денари	12.335.233	13.361.207	13.697.102
Количина за домаќинства	m^3	525.331	525.331	525.331
Количина за останати	m^3	110.497	117.127	124.155

Домаќинства тарифа	денари	17,30	18,44	18,60
Останати тарифа	денари	29,40	31,35	31,62

Оперативните трошоци за регулираниот период 2024 – 2026 година утврдено е да изнесуваат:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се прифатени согласно реализираните трошоци од 2023 година. Истите се зголемени за стапка на инфлација за наредните години од регулираниот период и изнесуваат 5.570.677 денари за 2024 година, 5.682.090 денари за 2025 година и 5.795.732 денари за 2026 година;
2. Трошоците за бруто плати за 2024 година се прифатени согласно податоците од барањето, зголемени за стапка на инфлација за наредните години од регулираниот период. Истите изнесуваат 5.769.311 денари, 5.884.697 денари за 2025 година и 6.002.391 денари за 2026 година;
3. Другите услуги за 2024 година се прифатени согласно податоците од барањето и истите изнесуваат 473.883 денари, задржани на исто ниво за наредните години од регулираниот период;
4. Останатите и вонредните трошоци за 2024 година се прифатени согласно реализираните трошоци од базната година и изнесуваат 481.872 денари, задржани на исто ниво за наредните години од регулираниот период.

Амортизацијата на сопствени основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 700.000 денари за 2025 година и 700.000 денари за 2026 година.

Амортизацијата на бесплатно добиените средства со кои се врши водната услуга изнесува 11.093.363 денари за 2024 година, 11.093.363 денари за 2025 година и 11.093.363 денари за 2026 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 117.327 денари за 2024 година, 122.919 денари за 2025 година и 125.087 денари за 2026 година.

Соодветно на горенаведеното, регулаторната тарифа за категоријата на корисници – домаќинства од Радовиш изнесува 17,30 ден/m^3 за 2024 година, 18,44 ден/m^3 за 2025 година и 18,60 ден/m^3 за 2026 година, додека пак за категоријата на корисници – останати регулаторната тарифа изнесува 29,40 ден/m^3 за 2024 година, 31,35 ден/m^3 за 2025 година и 31,62 ден/m^3 за 2026 година.

При утврдување на регулаторната тарифа за водната услуга прочистување на отпадни води води, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈПКД ПЛАВАЈА ПО Радовиш да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

УП1 бр. 08–438/23
13 јуни 2024 година
Скопје

Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Марко Бислимоски